Република Македонија
Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

# И З В Е Ш Т А Ј

## за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки во 2007 година

Скопје, мај 2008 година

# С О Д Р Ж И Н А


1 Вовед
2 Нормативна дејност
   2.1 Закон за јавните набавки
   2.2 Подзаконски акти
   2.3 Изготвени мислења за примена на Законот за јавните набавки
3 Биро за јавни набавки
   3.1 Надлежности, организација и структура
   3.2 Стручно оспособување на вработените
   3.3 Спроведување на обуки
   3.4 Публикации
   3.5 Односи со јавноста
4 Статистички податоци за спроведените постапки и за склучените договори за јавни набавки
   4.1 Податоци за бројот и вредноста на склучени договори за јавни набавки според видот на постапката за јавна набавка
   4.2 Податоци за бројот и вредноста на склучени договори според предметот на набавка
   4.3 Податоци за бројот и вредноста на случени договори по подрегистри
   4.4 Претходни согласности за спроведување на постапка со преговарање без објавување на јавен оглас
   4.5 Објавени повици
   4.6 Констатирани неправилности при спроведувањето на постапките за јавни набавки
5 Соработка со државни органи
6 Меѓународна соработка
   6.1 ТАЕКС
   6.2 СИГМА
   6.3 Проектот ЕЛЕКТРАВЕБ
   6.4 Проекти на УСАИД
   6.5 Советодавен комитет за јавни набавки на ЕК
   6.6 Поткомитет за внатрешен пазар
   6.7 Регионална соработка

# 1 Вовед

Бирото за јавни набавки (во натамошниот текст: Биро) е институција која на национално ниво се грижи за следење, развој и унапредување на системот на јавните набавки, преку обезбедување на законитост, рационалност, ефикасност транспарентност, еднаков третман, недискриминација и поттикнување на конкуренцијата. Надлежностите на Бирото, кои со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/2004 и 109/2005) беа пропишани во член 28, со новиот Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/2007) се утврдени во член 14.

Врз основа на член 14 став 1 алинеја 14 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/2007), Бирото до Владата на Република Македонија го поднесува овој Извештај за активностите во функционирањето на системот на јавните набавки во 2007 година.

Со овој извештај, Бирото ја информира Владата на Република Македонија и пошироката јавност за неговите активности кои се во насока на понатамошно усогласување на националното законодавство со законодавството за јавни набавки на ЕУ и имплементација на најдобрите практики во оваа област, подготовката на Предлог за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки со Предлог на закон, како и Предлог на Закон за јавните набавки и неговото донесување во Собранието на Република Македонија, организирање на обуки за правилна примена на одредбите од новиот Закон за јавните набавки, статистичките податоци за спроведените постапки и склучени договори за јавни набавки на национално ниво во 2007 година, како и за воочените неправилности во нивното спроведување.

По усвојувањето на овој извештај од Владата на Република Македонија, истиот ќе биде достапен на јавноста преку веб страницата на Бирото за јавни набавки, http://javni-nabavki.finance.gov.mk.

# 2 Нормативна дејност

## 2.1 Закон за јавните набавки

На барање на Владата на Република Македонија, Бирото пристапи кон изготвување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки. Предлог на Закон беше изготвен и доставен до Владата на разгледување во април 2007 година. Главната причина за предлагање на измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки беше заради олеснување на постапките за јавни набавки кај набавувачите и понудувачите и заради отстранување на некои недоследности кои беа утврдени. Имено, од дотогашната примена на Законот за јавните набавки произлезе дека долгите рокови за спроведување на редовните постапки, кои во меѓународната практика се предвидени за големи набавки, се непропорционални за сите набавки над 3.000 евра кои беа пропишани со законот од 2004 година. Ова беа укажувања и на странските експерти кои сметаа дека таквиот пристап е неекономичен и премногу бирократски, со што драстично се зголемуваат и трошоците за спроведување на постапките за јавни набавки.

Меѓутоа, се заклучи дека со Предлогот на Законот не се постигнува задоволително ниво на усогласеност на правото за јавни набавки со Директивите на ЕУ. Затоа, целта на Владата беше со Предлогот за изменување и дополнување на законот краткорочно да се интервенира во олеснување на спроведувањето на постапките за јавни набавки, додека подолгорочно усогласување да се постигне со донесување на нов Закон за јавни набавки кој започна да се подготвува од страна на работна група формирана од министерот за финансии, а координирана од Бирото за јавни набавки. Имено, според документот "Транспозиција на Директивите за јавни набавки на Европската унија во Законот за јавни набавки", изработена во рамките на проектот „Канцеларија за јавни набавки„ финансиран од КАРДС програмата на ЕУ и реализиран во период септември 2004 мај 2006 година, степенот на усогласеноста на претходниот закон со директивите за јавни набавки на ЕУ изнесуваше околу 50%. Од таа причина, а согласно со обврските на Република Македонија за хармонизирање на законодавството за јавни набавки со законодавството на Европската унија, во текот на 2007 година беше изготвен Предлог на Закон за јавните набавки кој е донесен од страна на Собранието на Република Македонија на 6 ноември 2007 година („Службен весник на Република Македонија", број 136/2007), и истиот стапи во сила на 1 јануари 2008 година. Со стапувањето во сила на новиот Закон за јавните набавки престана да се применува Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.19/2004 и 109/2005). Од причина што донесувањето на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки неочекувано се одолжи во Собранието на Република Македонија, Владата одлучи истиот да го повлече од собраниска процедура.

По оценка на Европската комисија и експертите од СИГМА, текстот на новиот Закон за јавните набавки е со добар квалитет и е со високо ниво на услогласеност со соодветните директиви на ЕУ кои се однесуваат на областа на јавните набавки.

Во Законот за јавните набавки, кој започна да се применува од 1 јануари 2008 година, се инкорпорирани Директивите за јавни набавки на Европската

унија усвоени од Европскиот парламент и од Советот на 31 март 2004 година, и тоа:

- **Директива 2004/17/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 31 март 2004 година**, со која се усогласуваат постапките за набавки на субјектите кои работат во секторите за вода, енергетика, транспорт и поштенски услуги и
- **Директива 2004/18/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 31 март 2004 година**, за усогласување на постапките за доделување на договори за јавни работи, договори за јавни добра и договори за јавни услуги.
- **Директива 2001/78/ЕЗ на Комисијата од 13 септември 2001 година**, за употреба на стандардните обрасци при објавувањето на известувања за јавните набавки.

Исто така, во Законот се инкорпорирани и постојните Директиви за правна заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки, односно:

- **Директива 1986/665/ЕЕЗ на Советот на ЕУ од 21 декември 1989 година,** за координирање на закони, прописи и административни одредби во врска со примената на постапките за ревизија на доделувањата на договори за јавни набавки и јавни работи.
- **Директива 1992/13/ЕЕЗ на Советот на ЕУ од 25 февруари 1992 година,** за координирање на закони, прописи и административни одредби во врска со примената на прописите на Заедницата за постапките за набавки на субјектите од секторите: водостопанство, енергетика, сообраќај и телекомуникации.
- **Директива 2007/66/ЕЗ на Советот и Европскиот парламент од 11 декември 2007 година,** со која се изменуваат и дополнуваат Директивите 1986/665/ЕЕЗ и 1992/13/ЕЕЗ во врска со подобрување на системот на правна заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Новиот Закон за јавните набавки се одликува со поголема флексибилност во спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки која произлегува од неговите одредби, како и поголема и подетална разработеност на одредбите со кои се регулираат општите и посебните услови за спроведување на постапките, секторските договори, правната заштита и др. Позначајни новини инкорпорирани во овој закон се: примената на новата терминологија во областа на јавните набавки усогласена со директивите на ЕУ, потоа новите начини за доделување на договори за јавна набавка на неприоритетните услуги (предвидени во член 17 став 1 алинеја 2 од законот), воведувањето на можноста за определување на централно тело за набавки, новиот начин на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки без вклучен ДДВ, новите правила за изработка на тендерската документација и техничките спецификации, воведувањето на обврската за електронско објавување на огласите и известувањата од договорите за јавни набавки на информацискиот систем за јавни набавки на Бирото, воведувањето на повисоки вредносни прагови и соодветни пократки временски рокови за спроведување на постапките, нови постапки за доделување на договори за јавни

набавки како што се конкурентниот дијалог, постапката со преговарање со претходно објавување на оглас, поедноставената постапка со барање за прибирање на понуди со и без објавување на оглас за договорите со релативно помала вредност, подеталното разработување на условите за склучување на рамковни спогодби и спроведување на електронските аукции, утврдувањето на дејностите за кои се доделуваат секторски договори и постапките преку кои се доделуваат секторските договори, прецизно утврдената правна заштита и условите врз основа на кои се поднесува жалба, како и формирањето на новата Државна комисија за жалби по јавни набавки што е предвидено најдоцна до 30 јуни 2008 година.

## 2.2 Подзаконски акти

Со новиот Закон за јавните набавки се предвдидуваат 14 подзаконски акти, од кои 13 требаше да се донесат во рок од три месеци од денот на отпочнување со примена (до крајот на март 2008 година), а еден во рок од дванаесет месеци (до крајот на 2008 година). И покрај законски пропишаниот рок, Бирото направи напори до крајот на 2007 година да ги донесе оние подзаконски акти кои беа клучни за отпочнување со правилна примена на законот, при што беа донесени 9 од вкупно 14 подзаконски акти, и тоа:

- Правилник за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки (“Службен весник на РМ”, бр.154/2007),
- Правилник за постапката на отворањето на понудите и образецот за водење на записник за отворањето на понудите („Службен весник на РМ”, бр. 154/2007),
- Правилник за формата и содржината на огласот, известувањето за поништување на постапката и образецот на евиденцијата на постапките со Барање за прибирање на понуди („Службен весник на РМ”, бр.154/2007),
- Правилник за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки („Службен весник на РМ”, бр.154/2007),
- Правилник за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на РМ”, бр.154/2007),
- Правилник за формата и содржината на огласите и известувањата при доделување на договорите за јавни набавки („Службен весник на РМ”, бр.154/2007),
- Уредба за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги („Службен весник на РМ”, бр.157/2007),
- Уредба за видовите на активности на градење кои се предмет на договрите зајавни набавки на работи („Службен весник на РМ”, бр.158/2007),
- Одлука за утврдување на индикативен список на договорни органи („Службен весник на РМ”, бр.159/2007), и
- Одлука за набавки од областа на одбраната.[1]

[1] Донесена од Владата на Република Македонија. Поради нејзиниот доверлив карактер не е објавена во Службен весник на Република Македонија.

## 2.3 Изготвени мислења за примена на Законот за јавните набавки

Во текот на 2007 година од страна на субјектите на кои се однесува примената на Законот за јавните набавки како и од страна на економските оператори, до Бирото за јавни набавки се пристигнати вкупно 509 барања на мислења за примена на Законот за јавните набавки и подзаконската регулатива. На истите во целост е одговорено во законскиот рок.

# 3 Биро за јавни набавки

## 3.1 Надлежности, организација и структура

Конституирањето на Бирото за јавни набавки, е значаен чекор кој беше преземен за приспособување на административниот систем потребен за функционирање на законодавството за јавни набавки.

Врз основа на предлогот за нова организација и систематизација, а согласно со реалните потреби од човечки ресурси и адекватна организација, како би одговорило на законски пропишаните надлежности кое Бирото во декември 2006 година го достави до министерот за финансии, во 2007 година е усвоена новата внатрешна организациона поставеност на Бирото за јавни набавки.

Новата организациска поставеност на Бирото која се реализираше во 2007 година е со два сектора, секој од нив со по две одделенија. Подолу е даден графички приказ на истата.




Заклучно со 2007 година, вкупниот број на вработени во Бирото изнесуваше 13, од кои:

- 5 дипломирани правници,
- 3 дипломирани економисти,
- 1 дипломиран градежен инженер,
- 1 ИТ инженер,
- 1 дипломиран филолог
- 2 административни работници.

Бирото согласно и со новиот Закон за јавните набавки и понатаму останува орган на државната управа во состав на Министерството за финансии.

Согласно со претходниот Закон за јавните набавки, надлежностите кои ги имаше Бирото беа пропишани во член 28 од истиот, но одредени надлежности произлегуваа и од други одредби од законот. Согласно со овие надлежности, Бирото имаше задача да иницира предлози за донесување на законски и други акти од областа на јавните набавки; да го следи и анализира спроведувањето на законот и другите прописи за јавни набавки, функционирањето на системот на јавните набавки, како и да иницира промени

за негово подобрување; да дава мислења во врска со примената на законот и на подзаконските акти; да обезбедува совети и да дава помош на набавувачите; да подготвува стандардна тендерска документација и формулари за постапките за отворен и ограничен повик и за постапките со преговарање; да води единствен регистар и подрегистри за набавките на набавувачите кои ќе бидат достапни до јавноста преку веб страницата за јавни набавки; да овозможи целосна транспарентност како во поглед на објавувањето на индикативното известување за јавните набавки што секој набавувач планира да ги реализира во текот на годината, така и во поглед на нивната реализација со што ќе се поттикне конкуренцијата; за констатираните неправилности утврдени врз основа на добиените податоци од набавувачите за спроведените постапки на јавните набавки, исто така, Бирото ја информираше Владата на Република Македонија и министерот за финансии; утврдуваше минимални услови за професионалните квалификации на лицата кои ќе ги вршат стручните работи за јавните набавки; врз основа на претходно донесена програма вршеше обука за едукација на лицата кои ќе ги спроведуваат постапките за јавни набавки кај субјектите на кои се однесува Законот; оствари меѓународна соработка во врска со системот на јавните набавки со меѓународни институции и други странски субјекти, и др., со цел од една страна да се постигне единствена примена на легислативата за јавните набавки, а од друга страна да се овозможи транспарентност и поттикнување на конкуренцијата меѓу економските оператори, како и нивна едукација.

Бирото, исто така, во текот на 2007 година, како и во периодот што следува, соработуваше и ќе продолжи со соработката со договорните органи, како и со трговските друштва, професионални институции за истражување, здруженија или со експерти за одделни области, во врска со јавните набавки.

Во иднина зајакнувањето на административниот и институционалниот капацитет на Бирото, исто така, е значаен чекор кој ќе се презема за приспособување на административниот систем потребен за функционирање на законодавството за јавни набавки.

## 3.2 Стручно оспособување на вработените

Од почетокот на трансформацијата на јавните набавки во Република Македонија согласно со Директивите на ЕУ за јавни набавки, од особена важност е перманентна едукација на вработените во Бирото, особено за европската легислатива за јавни набавки, Директивата 2004/17/ЕЗ и Директивата 2004/18/ЕЗ, и директивите за правни лекови на Советот 89/665/ЕЗ и 92/13/ЕЗ. Едукацијата на вработените во Бирото е од особена важност од причина што согласно со обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и кандидатскиот статус е изготвен и веќе се применува новиот Закон за јавните набавки, за кој ќе биде неопходно развивање на капацитет и знаење за негова доследна и правилна примена, од страна на вработените во Бирото за јавни набавки, од договорните органи и од економските оператори.

Од обуките на кои присуствуваа претставници од Бирото во 2007 година, на кои вработените во Бирото имаа можност да се стекнат со знаење и искуства за функционирањето на системот на јавните набавки на западноевропските земји, за истакнување е студискиот престој на група од Бирото во Германија во организација и во соработка со GTZ (германска техничка помош). На

претставниците од Бирото за јавни набавки им беше претставен германскиот систем за јавни набавки на средбите кои беа одржани со неколку државни органи, јавни претпријатија, единици на локалната самоуправа и претставници од судската власт.

Исто така, претставници на Бирото беа на студиска посета во Лондон и во Брисел. Оваа студиска посета беше организирана од страна на УСАИД и се однесуваше на системите за спроведување на електронските јавни набавки во овие земји. Во Лондон, претставниците на Бирото имаа состаноци со претставници од службата за јавни набавки на Велика Британија (Office of Government Commerce) и со други институции и државни органи. На овие состаноци беа презентирани искуствата на Велика Британија во развивањето на електронските јавни набавки. На одржаните состаноци во Брисел со претставници на Европската комисија, теми на разговор и размена на искуства беа регулативите за спроведување на електронските јавни набавки во земјите-членки на ЕУ.

## 3.3 Спроведување на обуки

По донесувањето на законот од страна на Собранието на Република Македонија, Бирото во соработка со УСАИД, организираше промоција на законот на 3 декември 2007 година.

Покрај тоа, а со цел појаснување на неговите одредби и олеснување на примената, Бирото организираше повеќе обуки за планирањето на набавките, видовите договори и видовите постапки, вредносните прагови и временските рокови, како и за новиот начин на објавувањето на огласите и известувањата.

Така, во текот на декември 2007 година, Бирото организираше 6 работилници на кои беше презентиран новиот информациски систем на Бирото кој се однесува на објавувањето на огласите и известувањата. На овие работилници учество земаа повеќе од 500 учесници, договорни органи, како и економски оператори.

Претставници на Бирото за јавни набавки на 14.12.2007 и на 21 и 22.12.2007 година одржаа презентација и обука за одредбите од новиот закон пред претставниците на Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија.

Темите кои беа обработувани на презентациите и обуките од претставниците на Бирото, се однесуваа на одредбите од Законот за јавните набавки, како и секундарната легислатива и тоа:

- Планирање на јавните набавки,
- Објавување на огласите и известувањата,
- Тендерска документација,
- Исклучоци од примената на законот,
- Видови на договори и видови на постапки за доделување на договори за јавни набавки,
- Критериуми за утврдување на способноста, како и
- Електронскиот систем за јавни набавки.

Беа организирани и два семинара во соработка со СИГМА, едниот на тема правна заштита, а другиот за новите постапки кои се предвидуваат со новиот закон.

## 3.4 Публикации

Во текот на 2007 година од страна на Бирото во соработка со УСАИД, во насока на разработување на одделни делови од законот кои за првпат се предвидени со истиот, беа изготвени седум брошури кои се однесуваат на:

- Секторски договори,
- Електронски аукции,
- Етички кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавните набавки,
- Постапка со преговарање со и без претходно објавување на оглас,
- Правната заштита во постапките за доделување на договор за јавна набавка според европското право,
- Рамковни спогодби, и
- Конкурентен дијалог.

Исто така, од страна на Бирото беа изготвени и два прирачника кои се однесуваа на користењето на Електронскиот систем за јавни набавки, и тоа Прирачник за начинот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки за економските оператори и Прирачник за начинот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки за договорните органи.

Брошурите и прирачниците се издадени во печатена форма, но и во електронско издание кое е достапно без надомест на веб страницата на Бирото за јавни набавки.

## 3.5 Односи со јавноста

Во текот на 2007 година преку контакт формата на веб сајтот на Бирото, се добиени околу 80 прашања од страна на институции, јавни претпријатија, друштва и поединци кои се однесуваа на начинот на примената на одделни одредби на Законот за јавните набавки, примената на определени институти или пак барање на определени начини на постапување по дадени ситуации. Просечното време на одговор на овие прашања е помалку од еден работен ден.

Истовремено, Бирото секојдневно е отворено за комуникација со јавноста преку телефонска линија. Просечниот број на дневни јавувања се 36 или околу 9700 повици во 2007 година.

# 4 Статистички податоци за спроведените постапки и за склучените договори за јавни набавки

По секоја спроведена постапка за јавна набавка, субјектите согласно со член 17 став 4 од законот од 2004 година беа должни во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на договорот за јавна набавка, до Бирото да достават образец - РЈН-1, регистар за извршените набавки кај набавувачите, пропишан со Правилникот за формата и содржината на образецот и начинот на водењето на регистарот за извршените јавни набавки кај набавувачите („Службен весник на РМ“, бр. 10/2005).

Податоците од Образецот РЈН-1 се внесуваа во Единствениот регистар за јавни набавки ЕРЈН-2, пропишан со Правилник за формата и содржината на образецот и начинот на водење на Единствениот регистар за јавни набавки („Службен весник на РМ“, бр. 10/2005), ѝ се достапни на јавноста преку веб страницата на Бирото. На веб страницата се објавуваат податоците кои се пропишани со образецот ЕРЈН-2 и тоа податоци за набавувачот, број на Службен весник на РМ каде што е објавен повикот, опис на предметот на набавка, видот на постапката за јавна набавка, проценета вредност на набавката, датум, податоци за избраниот понудувач, број и вредност на склучените договори. Овие податоци се од јавен карактер и сите заинтересирани имаат слободен пристап до нив.

Податоците од секој регистар РЈН-1 ја сочинуваат базата на податоци за бројот и видовите на спроведените постапки за јавни набавки и склучените договори за јавни набавки во Република Македонија.

До Бирото, од страна на субјектите на кои се однесува законот, заклучно до 31.12.2007 година се доставени вкупно 3.289 регистри, односно образец РЈН-1, и податоци од истите се внесени во Единствениот регистар за извршени набавки на Република Македонија, односно ЕРЈН-2.

Според овие податоци, во текот на 2007 година во Република Македонија се склучени вкупно **6.599** договори за јавни набавки. Вкупната вредност на договорите за јавни набавки изнесува **21.841.515.274** денари (со вклучен ДДВ), што претставува 6.4% од БДП на Република Македонија.

Договорите за набавките реализирани врз основа на член 3, член 5 и член 72 од Законот за јавните набавки, како и нивната вредност, не се предмет на анализа на податоците.

Бирото во изминатиот период во повеќе наврати преку соопштенија во дневниот печат, соопштение на веб страницата, како и преку циркуларни писма, ги поттикнуваше субјектите за почитување на нивната законска обврска да доставуваат РЈН-1 обрасци. Од активностите што ги презема Бирото, во поглед на поажурно доставување на РЈН-1 обрасците, се забележува зголемување во доставувањето на истите за 64% во однос на 2006 година (Табела бр. 1, Графикон бр. 1).

*Табела бр. 1*

| | Доставени регистри РЈН-1 до Бирото |
|---|---|
| 2007 | 3.289 |
| 2006 | 2.004 |
| индекс | 64% |

*Графикон бр. 1*




Значителното зголемување на бројот на доставени регистри (согласно со претходно прикажаното) има големо влијание врз обемот и веродостојноста на анализата на податоците што ја прави Бирото во понатамошниот текст. Имено, зголемувањето на доставата на податоци за извршени јавни набавки кај набавувачите преку РЈН-1 обрасците директно влијае и е најважниот фактор што го објаснува зголемувањето на сите показатели за состојбата на јавните набавки презентирани во овој извештај.

Во текот на 2007 година во Република Македонија се склучени вкупно **6.599** договори за јавни набавки (што претставува зголемување за 55% во однос на 2006 година). Вкупната вредност на евидентираните договори за јавни набавки изнесува 21.841.515.274 денари (зголемување за 2.4 пати). Табели бр. 2 и 3 и Графикони бр. 2 и 3.

*Табела бр. 2*

| | Број на склучени договори |
|---|---|
| 2007 | 6.599 |
| 2006 | 4.250 |
| индекс | 55% |

*Графикон бр. 2*

**Споредба на бројот на склучени договори во период 2006 – 2007 година**




| | |
|---|---|
| 2007 | 6599 |
| 2006 | 4250 |

*Табела бр. 3*

| | Вредност на склучени договори |
|---|---|
| 2007 | 21.841.515.274 ден. |
| 2006 | 8.958.199.675 ден. |
| индекс | 2.4 пати |

*Графикон бр. 3*

**Споредба на вредноста на склучените договори во период 2006 – 2007 година**




| | |
|---|---|
| 2007 | 21.841.515.274 ден. |
| 2006 | 8.958.199.675 ден. |

## 4.1 Податоци за бројот и вредноста на склучени договори за јавни набавки според видот на постапката за јавна набавка

Согласно со член 29 од претходниот закон, јавната набавка може да се спроведе со користење на една од следните видови постапки: отворен повик, ограничен повик, постапка со преговарање, конкурс за изработка на проект и ограничен повик за консултантски услуги.

Во текот на 2007 година со спроведување на постапка за јавна набавка со отворен повик се склучени вкупно 5.386 договори во вкупна вредност од 17.832.403.076 денари, со спроведување на постапка за јавна набавка со ограничен повик се склучени вкупно 499 договори во вкупна вредност од 3.061.766.221 денари, со спроведување на постапка со преговарање без претходно објавување на јавен оглас склучени се вкупно 652 договори во вкупна вредност од 850.799.256 денари ( Табела бр.4, Графикон бр.4 и Графикон бр.5).

Вкупно 62 договори за јавна набавка се склучени со користење на посебна постапка која ја користат јавните претпријатија и други правни лица кои вршат дејности од областа на водоснабдувањето, енергетиката, транспортот, телекомуникациите и комуналните услуги, согласно со член 75 од законот.

*Табела бр. 4*

| Вид на постапка за јавна набавка | Вкупно склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| Постапка со отворен повик | 5.386 | 17.832.403.076 ден. |
| Постапка со ограничен повик | 499 | 3.061.766.221 ден. |
| Постапка со преговарање | 652 | 850.799.256 ден. |
| Посебна постапка за јавните претпријатија според член 75 од Законот | 62 | 96.546.721 ден. |
| **ВКУПНО** | **6.599** | **21.841.515.274 ден.** |

*Графикон бр. 4*



Најголем број на договори за јавни набавки или 5.386 се склучени со спроведување на постапка за јавна набавка со отворен повик. Со постапка за јавна набавка со ограничен повик се склучени 499 договори, а со постапка со преговарање 652 договори за јавна набавка.

Во текот на 2007 година до Бирото не е доставен ниту еден регистар за спроведена постапка за јавна набавка со ограничен повик за консултантски услуги и спроведен конкурс за изработка на проект. Доставени се регистри за 62 договора кои ги склучиле јавните претпријатија, друштвата во сопственост на државата и трговските друштва кои вршат дејност од јавен интерес во областа на водостопанството, комуналните услуги, енергетиката, транспортот и телекомуникациите кои се под праговите на вредноста наведени во член 75, а за кои истите не се обврзани да доставуваат регистар за извршените набавки.

*<u>Графикон бр. 5</u>*




Во поглед на вредноста на склучените договори по видови на постапки за јавна набавка, вредноста на склучените договори со постапка на отворен повик изнесува 17.832.403.076 или 82% од вкупната вредност на склучени договори, вредноста на склучените договори со постапка на ограничен повик изнесува 3.061.766.221 или 14% од вкупната вредност на склучените договори, додека вредноста на склучените договори со постапка со преговарање изнесува 850.799.256 или 4% од вкупната вредност на склучените договори по видови на постапки.

Од наведените показатели може да се забележи дека структурата на склучените договори по видови на постапки за 2007 година е слична со таа од 2006 година, односно постапката на јавна набавка со отворен повик е застапена во најголем процент од причина што истата е поедноставна и најконкурентна во споредба со останатите постапки за јавни набавки. Субјектите во постапките за јавна набавка, најчесто ја користеле постапката со отворен повик и од причина што роковите кај оваа постапка (целокупното траење до склучување на договорот) се пократки, а самата процедура е значително поедноставна во однос на другите постапки.

Просечната вредност на склучените договори со постапка на отворен повик изнесува 3.310.881 денари, а додека просечната вредност на склучените договори со постапка на ограничен повик изнесува 6.135.804 денари.

***Отворен повик.*** Со спроведување на постапка за јавна набавка со отворен повик се склучени вкупно 5.386 договори (зголемување за 57%) во вкупна вредност од 17.832.403.076 денари (зголемување за 2.4 пати), (Табели бр.5 и 6, Графикон бр.6 ).

*Табела бр. 5*

| | Вредност на склучени договори по постапка со отворен повик |
|---|---|
| 2007 | 17.832.403.076 ден. |
| 2006 | 7.570.665.725 ден. |
| индекс | 2.4 пати |

*Табела бр. 6*

| | Број на склучени договори по постапка со отворен повик |
|---|---|
| 2007 | 5.386 |
| 2006 | 3.420 |
| индекс | 57% |

*Графикон бр. 6*




Од прикажаните податоци може да се констатира значително зголемување на бројот и вредноста на склучените договори во постапка на отворен повик во 2007 година. Како што беше претходно кажано, ова се должи најмногу на зголемениот обем на податоци со кои располага Бирото преку зголеменото доставување на РЈН-1 обрасци, но, исто така, и на некои

поединечни договори од голема вредност кои ќе бидат елаборирани во понатамошниот текст. Од динамиката на склучување на договори во постапка со отворен повик (Графикон бр. 7) може да се види дека најголем дел од договорите се склучени во периодот април-јуни. Ова се должи на тоа што субјектите најчесто започнуваат со постапките на почетокот на годината и, согласно со роковите за отворен повик, најголем дел од договорите се склучуваат во тој период.

*Графикон бр. 7*




***Ограничен повик.*** Со спроведување на постапка за јавна набавка со ограничен повик се склучени вкупно 499 договори (зголемување за 86%), во вкупна вредност од 3.061.766.221 денари (зголемување за 3.9 пати), (Табели бр.7 и 8, Графикон бр.8).

*Табела бр. 7*

| | Вредност на склучени договори по постапка со ограничен повик |
|---|---|
| 2007 | 3.061.766.221 ден. |
| 2006 | 792.482.840 ден. |
| индекс | 3.9 пати |

*Табела бр. 8*

| | Број на склучени договори по постапка со ограничен повик |
|---|---|
| 2007 | 499 |
| 2006 | 269 |
| индекс | 86% |

*Графикон бр. 8*

**Споредба на вредноста на склучените договори по постапка со ограничен повик во период 2006 – 2007 година**




| | |
|---|---|
| 2007 | 3.061.766.221 ден. |
| 2006 | 792.482.840 ден. |

Од прикажаните податоци, како и од динамиката на склучување на договорите (Графикон бр. 9), се забележува зголемување на сите показатели, а најголемиот интензитет на склучување на договорите е во периодот јуни-август, што е очекувано, со оглед на фактот што постапката на ограничен повик е посложена постапка и со подолги рокови. Зголемувањето на индексот на вредноста на склучените договори за 2007, како и на показателот на динамиката на склучување на договори во декември, во голема мера се должи на склучувањето на договорот за „Изградба на северна трибина и уривање на постојна северна трибина на градскиот стадион" од страна на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ со А.Д. Бетон на износ од 896.224.256 денари, на 27.12.2007 година.

*Графикон бр. 9*




***Постапка со преговарање без објавување на јавен оглас.*** Со спроведување на оваа постапка, се склучени вкупно 652 договори (зголемување за 25%) во вкупна вредност од 850.799.256 денари (зголемување за 56%), (Табела бр. 9 и 10, Графикон бр.10). Имајќи предвид дека е намален бројот на издадени согласности за спроведување на постапка со преговарање во 2007 година од страна на Бирото, зголемениот број на договори склучени врз основа на оваа постапка се должи на поголемата дисциплина во доставување на образецот РЈН-1, што како проблем беше констатирано во Извештајот од 2006 година.

*Табела бр. 9*

| | Вредност на склучени договори по постапка со преговарање |
|---|---|
| 2007 | 850.799.256 ден. |
| 2006 | 544.114.927 ден. |
| индекс | 56% |

*Табела бр. 10*

| | Број на склучени договори по постапка со преговарање |
|---|---|
| 2007 | 652 |
| 2006 | 520 |
| индекс | 25% |

*Графикон бр. 10*

**Споредба на вредноста на склучените договори по постапка со преговарање во период 2006 – 2007 година**




| | |
|---|---|
| 2007 | 850.799.256 ден. |
| 2006 | 544.114.927 ден. |

Во поглед на договорите за јавна набавка склучени по спроведена постапка на преговарање без јавно објавување на оглас не може да се согледа конкретниот тренд поради самата природа и различните околности под кои се спроведува постапката за јавна набавка.

Меѓутоа, при анализа на пристигнатите барања за добивање на претходна согласност за набавка со постапка со преговарање по месеци (Графикон бр. 11), се забележува дека значително поголем број на договори по спроведена постапка со преговарање се склучени во второто полугодие од 2007 година. Ваквиот тренд се должи на неколку фактори:

- Најголемиот дел на договорите се склучени врз основа на добиена согласност за спроведување на постапка со преговарање по претходно спроведени две неуспешни постапки на отворен или ограничен повик согласно со член 67 став 1 алинеја 1 од законот каде што немало доволен број на понуди или на соодветни понуди.
- Поради временските рокови предвидени за завршување на претходните неуспешни отворени или ограничени повици, реално произлегува договорите да се склучуваат во второто полугодие од годината.
- Тенденција е и зголемувањето на барањата за согласност и склучување на договори во последниот квартал од годината врз основа на постапка со преговарање по крајна итност, што се должи на: недоволно и ненавременото планирање на набавките, временски теснец за спроведување на редовната постапка за јавна набавка и завршувањето на годината и искористување на неискористените средства.

- Поради рестриктивноста на законот, постапката за јавна набавка се започнуваше само откако ќе се испланираат и обезбедат средства за договорот со буџет, финансиски план или инвестициона програма. Имајќи предвид дека голем дел од буџетски корисници и единки корисници на Буџетот на Република Македонија добија дополнителни средства со Ребалансот на Буџетот, истите немаа време да ги спроведат редовните постапки и да склучат договор до крајот на 2007 година. Ова е проблем кој се јавува секоја година и за кој треба да се изнајде системско решение во прописите кои го регулираат буџетското работење.

*Графикон бр. 11*




## 4.2 Податоци за бројот и вредноста на склучени договори според предметот на набавка

Според бројот и вредноста на склучените договори по предметот на набавка, во 2007 година се склучени вкупно 4.442 договори за стоки во вкупна вредност од 13.232.517.633 денари, 1.338 договори за услуги во вкупна вредност од 2.826.550.826 денари и 819 договори за работи во вкупна вредност од 5.782.446.815 денари. Табела бр.11, Графикон бр.12 и бр.13.

*Табела бр. 11*

| Предмет на набавка | Вкупно склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| стоки | 4.442 | 13.232.517.633 ден. |
| услуги | 1.338 | 2.826.550.826 ден. |
| работи | 819 | 5.782.446.815 ден. |
| **ВКУПНО** | **6.599** | **21.841.515.274 ден.** |

Набљудувајќи ја структурата на пазарот на јавните набавки во поглед на предметот на набавката, можеме да издвоиме значителни поместувања во однос на 2006 година. Имено, учеството на услугите во вкупната вредност на склучените договори е зголемено во однос на 2006 година (каде услугите учествуваат со 16%).

*Графикон бр. 12*




*Графикон бр. 13*




***Набавка на стоки.*** Во 2007 година се склучени вкупно 4.442 договори за стоки (зголемување за 51%) во вкупна вредност од 13.232.517.633 денари (зголемување за 2.3 пати), (Табела бр.12 и бр. 13, Графикон бр.14). Од подолу прикажаните податоци констатираме значително зголемување на пазарот на

јавни набавки на стоки, а во голема мера ова се должи на спроведената постапка за јавна набавка на струја од страна на АД МЕПСО, и склучени договори во вредност од 5.039.467.085 денари со повеќе понудувачи. На вредноста на овие договори отпаѓа дури 23% од вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки во Република Македонија.

*Табела бр. 12*

| | Вредност на склучени договори за набавка на стоки |
|---|---|
| 2007 | 13.232.517.633 ден. |
| 2006 | 5.641.945.361 ден. |
| индекс | 2.3 пати |

*Табела бр. 13*

| | Број на склучени договори за набавка на стоки |
|---|---|
| 2007 | 4.442 |
| 2006 | 2.951 |
| индекс | 51% |

*Графикон бр. 14*




***Набавка на услуги.*** Во 2007 година се склучени 1.338 договори за услуги (зголемување од 45%) во вкупна вредност од 2.826.550.826 денари (зголемување од 95%), (Табела бр.14 и бр. 15, Графикон бр.15).

*Табела бр. 14*

| | Вредност на склучени договори за набавка на услуги |
|---|---|
| 2007 | 2.826.550.826 ден. |
| 2006 | 1.449.915.677 ден. |
| индекс | 95% |

*Табела бр. 15*

| | Број на склучени договори за набавка на услуги |
|---|---|
| 2007 | 1.338 |
| 2006 | 916 |
| индекс | 45% |

*Графикон бр. 15*

**Споредба на вредноста на склучени договори за набавка на услуги**




| | |
|---|---|
| 2007 | 2.826.550.826,00 ден. |
| 2006 | 1.449.915.677,00 ден. |

***Набавка на работи.*** Во 2007 година се склучени 819 договори за работи (зголемување од 2.1 пати) во вкупна вредност од 5.782.446.815 денари (зголемување за 3.1 пати), (Табела бр.16 и бр. 17, Графикон бр.16). И кај бројот и кај вредноста на склучените договори за набавка на работи, во споредба со 2006 година, постои значително зголемување, иако во однос на структурата на пазарот на јавни набавки во поглед на предметот на набавката, нема големо поместување: 2006 год. удел - 21% ; 2007 год. удел - 26% (Графикон бр. 13). Зголемувањето на вредноста на склучените договори за работи во споредба со 2006 година најмногу се должи на неколку поединечни договори за изведување на работи од голема вредност, како што се веќе споменатиот на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ, и договорите на Агенцијата за спорт и млади за: „Изведба на 35 типски спортски објекти", склучен со ф-ка Карпош АД во вредност од 515.600.000 денари и „Изведба на 50 помошни фудбалски игралишта, со стандардна големина" склучен со Македонија инвест во вредност од 471.316.672 денари.

*Табела бр. 16*

| | Вредност на склучени договори за набавка на работи |
|---|---|
| 2007 | 5.782.446.815 ден. |
| 2006 | 1.866.338.637 ден. |
| индекс | 3.1 пати |

*Табела бр. 17*

| | Број на склучени договори за набавка на работи |
|---|---|
| 2007 | 819 |
| 2006 | 383 |
| индекс | 2.1 пати |

*Графикон бр. 16*




| | |
|---|---|
| 2007 | 5.782.446.815 ден. |
| 2006 | 1.866.338.637 ден. |

## 4.3 Податоци за бројот и вредноста на случени договори по подрегистри

Вкупните податоци од Единствениот регистар на извршените набавки на национално ниво се прикажани преку подрегистри и се однесуваат на 6 категории субјекти, пропишани со член 18 став 2 од законот. Во Табела бр.18 и Графикон бр.17 и Графикон бр.18 е даден преглед на вкупен број на склучени договори и нивната вредност по подрегистри.

*Табела бр. 18*

| Број на подрегистар | Категорија на субјекти по подрегистри | Вкупен број на склучени договори | Вкупна вредност на договорите |
|---|---|---|---|
| 1 | Корисници и единки корисници на средства од Буџетот на РМ | 1.929 | 5.764.215.534 ден. |
| 2 | Корисници и единки корисници на средства од буџетите на вонбуџетските фондови | 1.624 | 2.073.598.601 ден. |
| 3 | Корисници и единки корисници на средства од буџетите на единиците на локалната самоуправа | 1.036 | 2.440.875.735 ден. |
| 4 | Агенции, јавни установи и служби, други органи и организации основани од Републиката | 63 | 232.275.949 ден. |
| 5 | Здруженија на граѓани и фондации | 1 | 690.300 ден. |
| 6 | Јавни претпријатија и правни лица кои вршат дејност од областа на водоснабдувањето, енергетиката, транспортот, телекомуникациите и комуналните услуги | 1.946 | 11.329.859.155 ден. |

*Графикон бр. 17*




Најголем број на склучени договори се во подрегистарот на јавните претпријатија и правни лица кои вршат дејност од областа на водоснабдувањето, енергетиката, транспортот, телекомуникациите и

комуналните услуги - 1.946 договори, корисниците и единките корисници на средствата од Буџетот на РМ имаат склучено 1.929 договори, додека корисниците и единките корисници на средствата од буџетите на вонбуџетските фондови - 1.624 договори.

*Графикон бр. 18*




Најголема вредност на склучени договори има кај категоријата на субјекти од подрегистар 6 – јавните претпријатија и правни лица кои вршат дејност од областа на водоснабдувањето, енергетиката, транспортот, телекомуникациите и комуналните услуги во вкупен износ од 11.329.859.155 денари или 53% од вкупната вредност на склучените договори. Субјектите од подрегистарот 1 – корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на РМ склучиле договори во вредност од 5.764.215.534 денари или 26% од вкупната вредност, додека корисниците и единките корисници на средства од буџетите на вонбуџетските фондови учествуваат со 9% во вкупната вредност на склучените договори.

## 4.4 Претходни согласности за спроведување на постапка со преговарање без објавување на јавен оглас

Во текот на 2007 година, до Бирото од страна на набавувачите се добиени вкупно **1.313** барања за спроведување на постапка со преговарање без објавување на јавен оглас, што претставува зголемување од 11% во однос на добиените барања во 2006 година.

Бирото, согласно со член 66 став 4 од законот, кај 982 барања ја утврдило формалната исполнетост на условите за спроведување на постапка со преговарање (зголемување за 2% во однос на 2006 година) и изготвило исто толку претходни согласности што претставува **75%** од вкупниот број на поднесени барања, додека кај 331 барање за спроведување на постапка или **25%**

од вкупниот број на поднесени барања, не е утврдена формална исполнетост на условите и е одбиено барањето за добивање на претходна согласност за преговарање без претходно објавување на јавен оглас, што претставува зголемување за 55% во однос на 2006 година (Табела бр.19, Графикон бр. 19 и бр. 20).

*Табела бр. 19*

| Година | Поднесени барања | Издадени претходни согл. | Структура % | Одбиени барања | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 2007 | 1.313 | 982 | 75 | 331 | 25 |
| 2006 | 1.180 | 966 | 82 | 214 | 18 |

Од прикажаните податоци се гледа дека во 2007 година Бирото има добиено повеќе барања за спроведување на постапка со преговарање без објавување на јавен оглас во однос на претходната година, но тука е важно да се истакне дека додека кај бројот за изготвени претходни согласности нема голема разлика, кај бројот на барања каде што не е утврдена формална исполнетост и истите се одбиени се забележува зголемување од 55% во однос на 2006 година.

*Графикон бр. 19*



*Графикон бр. 20*




Правниот основ, по кој се издадени претходните согласности за спроведување на постапка со преговарање, нивната структура изразена во проценти, како и проценетата вредност, се прикажани во Табела бр.20 и Графикон бр. 21.

*Табела бр. 20*

| правен основ за постапка со преговарање | број на издадени согласности | структура % | процена вредност (во денари) | структура % |
|---|---|---|---|---|
| Член 67 алинеја 1[2] | 367 | 38% | 1.540.595.391 ден | 44% |
| Член 67 алинеја 2[3] | 331 | 33% | 722.606.344 ден | 21% |
| Член 67 алинеја 3[4] | 190 | 19% | 1.087.304.270 ден | 30% |
| Член 67 алинеја 4[5] | 10 | 1% | 10.680.745 ден | 1% |
| Член 67 алинеја 5[6] | 84 | 9% | 152.983.334 ден | 4% |
| **ВКУПНО** | **982** | | **3.514.170.084 ден** | |

[2] По претходно спроведени две постапки на отворен или ограничен повик немало доволен број на понуди или на соодветни понуди, под услов содржината од тендерската документација од овие повици суштински да не е изменета

[3] Поради технички, интелектуални или изведбени причини или од причини поврзани со заштита на ексклузивните права регистрирани во Министерството за економија или Стопанската комора на Република Македонија, набавката може да ја изврши само одреден давател на услуга или изведувач на работи или испорачател на стоки

[4] Од причини од крајна итност предизвикани од настани што не можел да ги предвиди набавувачот, ниту пак треба да му се припишат како пропуст на набавувачот или од настани (елементарни непогоди, епидемии, заразни заболувања или настани предизвикани од виша сила) поради кои не може да се почитува рокот пропишан за отворената или ограничената постапката

[5] Кога набавувачот мора да изврши дополнителни испораки од страна на првобитниот понудувач заради делумна замена на вообичаените добра или инсталации; проширување на постојните добра или инсталации каде што промената на понудувачот би го обврзала набавувачот да купи материјал кој има поинакви технички карактеристики што би резултирало со некомпатибилност или несразмерни технички тешкотии во функционирањето и одржувањето

[6] Кога заради непредвидени околности е потребно да се извршат неопходни дополнителни работи кои не биле вклучени во договорот кој се разгледува или кој е склучен

*Графикон бр. 21*




Најголемиот процент на претходни согласности или 38% се издадени врз основа на член 67 став 1 алинеја 1 од законот, а се однесуваат на претходно спроведени две неуспешни постапки на отворен или ограничен повик каде немало доволен број на понуди или на соодветни понуди, под услов содржината од тендерската документација од овие повици суштински да не е изменета.

Во поглед на висината на проценетата вредност на набавката, исто така, најмногу согласности или 44% од вкупната вредност од сите издадени согласности се издадени врз основа на член 67 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки.

При разгледување на структурата на вредноста и бројот на издадени согласности, се забележуваат извесни поместувања во однос на 2006 година. Имено, уделот на вредноста на издадени согласности по член 67 став 1 алинеја 3 (2006 год. - 55% ; 2007 год. - 30%) се намалува за сметка на уделот на издадени согласности по член 67 став 1 алинеја 1 (2006 год. - 19% ; 2007 год. - 44%).

## 4.5 Објавени повици

Во Табела бр. 21 и Графикон бр. 22, се прикажани податоци за законската обврска на субјектите да доставуваат повици за објавување на веб страницата на Бирото, согласно со член 30 став 3 од законот. Од Графиконот и од табелата се гледа зголемување на доставата на повици за објава за 96%.

*Табела бр. 21*

| | Објавени повици |
|---|---|
| 2007 | 3460 |
| 2006 | 1767 |
| индекс | 96% |

*Графикон бр. 22*




## 4.6 Констатирани неправилности при спроведувањето на постапките за јавни набавки

Во изминатиот период од примената на Законот за јавните набавки, врз основа на добиените податоци од страна на набавувачите – регистарот за извршените набавки Образец - РЈН-1, како и од писмените обраќања од повеќе понудувачи, генерално констатираните неправилности би можеле да ги групираме како:

- Недоставување на Годишен план за јавни набавки за 2007 година до Бирото, што е спротивно на член 11 од законот,
- Нецелосно планирање на потребите од набавка што резултира со зголемени барања до Бирото за спроведување на постапка со преговарање од причини на крајна итност од настани што не можел да ги предвиди набавувачот,
- Несоодветно проценување на вредноста на набавките, односно непримена на Правилникот за деталните правила за проценување на вредноста на набавката,
- Објавување на еден оглас за отворен или ограничен повик со кој набавувачите спроведуваат разновидни набавки на стоки, услуги и работи, што е спротивно на член 57 од Законот за јавните набавки,
- Спроведување само на I фаза од ограничениот повик и склучување на договор со избраните кандидати, без спроведување на II фаза од ограничениот повик согласно со член 63 од Законот,
- Спроведување на постапки за јавни набавки без изготвување на тендерска документација за отворен и ограничен повик на начин пропишан со член 36 став 6 и став 8 од Законот и од Правилникот за

задолжителните елементи на тендерската документација,

- Спроведување на несоодветни постапки за јавни набавки во поглед на предметот на набавката,
- Спроведување на постапки за јавни набавки без обезбедени средства во фаза на реализација на договорот, што доведува до делумно или воопшто неиспорачување на предметот на набавката од страна на носителот (добавувачот),
- Склучување на анекси кон основните договори без претходна согласност од Бирото за јавни набавки,
- Склучување на договори за јавна набавка со постапка со преговарање во вредност поголема од добиената во претходната согласност од Бирото,
- Недоставување на Образец – РЈН-1, регистар за извршени јавни набавки кај набавувачите до Бирото за јавни набавки, иако има подобрување во извештајниот период во однос на 2006 година.

# 5 Соработка со државни органи

Во вршењето на своите надлежности, Бирото соработува со Комисијата за жалби по јавни набавки при Владата на Република Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола при Министерството за финансии, Комисијата за поттикнување на конкуренцијата и Финансиската полиција. Она што претставува заедничка компонента кај сите органи со кои е воспоставена соработка е тоа дека во голем дел тие се „чувари” на политиката и практиките на јавни набавки во Република Македонија и со одговорност да обезбедат законитост, рационалност, ефикасност, транспарентност и поттикнување на конкуренцијата.

Повратните информации од страна на органите како Државната комисијата за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија и Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола беа од особена важност во изминатиот период при подготовката на новиот Закон за јавните набавки, бидејќи преку овие информации се детектираа слабостите во претходната регулатива, а кои беа од полза при изготвувањето на новиот закон.

Во текот на 2007 година до Комисијата за жалби по јавни набавки при Владата на Република Македонија и Државниот завод за ревизија се доставуваа мислењата кои Бирото за јавни набавки ги изработи околу примената на законската и подзаконска регулатива по барање на договорните органи. Во досегашното функционирање на Бирото се чини неопходно натамошното интензивирање на соработката со Комисијата за жалби по јавните набавки, односно со Државната комисија за жалби по јавни набавки по нејзиното формирање. Оваа соработка Бирото не ја подразбира како мешање во работата на Комисијата ниту пак како арбитрерност во одлуките кои таа ги донесува, напротив, соработката е неминовна во изградување на механизми за правилното и еднообразно функционирање на системот за јавните набавки во Република Македонија, како и негово доизградување во смисла на имплементација на Директивите на ЕУ за јавни набавки и добрата меѓународна пракса.

Покрај редовната соработка на Бирото со Државната комисија за спречување на корупцијата во изминатата година, за издвојување е тоа што во 2007 година претставник од Бирото активно учествуваше во изработката на Националната програма за превенција и репресија на корупцијата.

# 6 Меѓународна соработка

Активностите кои Бирото ги имаше на меѓународен план во текот на 2007 година се:

## 6.1 ТАЕКС

Во текот на 2007 година ангажиран е експерт по јавни набавки од ТАЕКС за Директивата 2004/17/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 31 март 2004 година, за усогласување на постапките за доделување на договори за јавни работи, договори за јавни добра и договори за јавни услуги како и Директивите за правна заштита во постапките за јавни набавки, за потребите за подготвувањето на новиот текст на Законот за јавните набавки.

## 6.2 СИГМА

Соработката со експертите на СИГМА во текот на 2007 година продолжи во процесот на подготовка на текстот на Законот за јавните набавки, и истата, во насока на негова полесна и побрза имплементација, се очекува да продолжи и во иднина. Исто така, беа одржани и консултативни состаноци во рамки на СИГМА експертската мисија со претставници од Бирото за јавни набавки, Министерството за економија и Секретаријатот за европски прашања, на кои беше сугерирано системот на доделување на концесии за јавни работи и услуги да се оддели од концесиите за јавни добра. Беа организирани и два семинара во соработка со СИГМА, едниот на тема правна заштита, а другиот за новите постапки кои се предвидуваат со новиот закон.

## 6.3 Проектот ЕЛЕКТРАВЕБ

Бирото, од 1 јануари 2007 година е активен учесник на проектот ELLECTRAWeB. Проектот е финансиран и мониториран од Европската комисија, преку FP6 Програмата за истражување и развој. Овие средства (FP6) се наменети за финансирање на проекти од научно-истражувачката област. Учесници во овој проект се 3 консултантски куќи (партнери на ЕУ во технолошки проекти), 4 ИТ компании/образовно-истражувачки институции од Западен Балкан и 4 државни органи одговорни за јавните набавки од: Македонија, Албанија, Србија и Босна и Херцеговина. Времетраењето на проектот е 24 месеци. Главна цел на овој проект е да се определи, изгради и тестира Апликација за електронски набавки (базирана на Отворена платформа) и да се востановат Обрасци и правила за нејзина поддршка.

## 6.4 Проекти на УСАИД

На полето на меѓународната соработка во 2007 година за истакнување е и соработката на Бирото со УСАИД – Проектот за деловно опкружување која се однесуваше на помошта на УСАИД во изработката на новиот Закон за јавните набавки, во организирањето на дел од обуките и семинарите за законот, како и за организирање на три јавни дебати пред донесувањето на законот. Исто така, соработка на Бирото со УСАИД имаше и преку Проектот за електронска влада во изработката на модулот за спроведување на електронските аукции и унапредување на електронскоиот систем за јавни набавки. Оваа соработка трае повеќе години, а претставници на проектот, исто така, учествуваа со свои предавања на семинарите што ги одржа Бирото.

## 6.5 Советодавен комитет за јавни набавки на ЕК

Советодавниот комитет за јавни набавки претставува советодавно тело на Европската комисија кој има за цел да ги отвори за дискусија различните проблеми со кои се соочуваат земјите членки во системот за јавни набавки кој се воспостави со Директивите на ЕУ за јавни набавки и на кој се разговара за идните измени и нови решенија кои треба да ги воведе Унијата во своето законодавство. Тој се одржува 4-5 пати годишно, а на него Република Македонија започна да учествува како набљудувач по добивањето на кандидатскиот статус. Вообичаено, претставници на Република Македонија се вработени од Бирото.

## 6.6 Поткомитет за внатрешен пазар

Јавните набавки претставуваат посебно поглавје во Акцискиот план за пристапување кон ЕУ. На 15-16 февруари 2007 година во Брисел се одржа Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција на кој една од точките на дневен ред беа и јавните набавки. Европската комисија го поздрави напредокот во областа на јавните набавки во Република Македонија. ЕК укажа на потребата од натамошно унапредување во однос на воведување на ефикасен систем на правна заштита, продолжување на роковите за вложување на жалби и приговори, интегрирање на правилата за концесии за јавни работи во системот за јавни набавки, да се имплементираат новите Директиви и слично.

Од страна на Европската комисија беше нагласено дека е постигнат значителен напредок во усогласувањето на системот за јавните набавки на Република Македонија.

## 6.7 Регионална соработка

Во мај 2007 година во Дубровник, Република Хрватска, во организација на СИГМА и Државната комисија за контрола на постапките за јавни набавки на Република Хрватска беше организирана регионална конференција на земјите од Југоисточна Европа на која тема беше правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Покрај претставниците од сите земји во регионот, како и учеството на меѓународни експерти на полето на јавните набавки и претставници од Европската комисија, активно учество во работата на горенаведената конференција земаа и претставниците од Бирото и Комисијата за жалби по јавни набавки кои ја презентираа состојбата со правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки во Република Македонија и идните чекори кои ќе бидат преземени со изготвувањето на новиот Закон за јавните набавки.